2019/
2020

# Водич во студиите

Бизнис менаџмент – прв циклус на студии




БАС
ВИСОКА ШКОЛА

# ДОБРЕДОЈДОВТЕ ВО БАС



***Директор***
***Проф. д-р Даниела Карадаков***

***Почитувани студенти,***

*Ви посакуваме добредојде на БАС Високата школа! Вие од денес сте дел од академската заедница на БАС која ќе се погрижи да даде квалитетен влог во Вашиот професионален развој и стекнување на образовна квалификација Дипломиран бизнис менаџер.*

*Наша мисија ќе биде да ги задоволиме Вашите очекувања, а да ги конкретизираме нашите цели. Задоволството е клуч на успехот, па токму затоа ќе се стремиме да Ви го пружиме. Во остварувањето на мисијата е вклучена целата академска заедница, Вие со Вашата академска зрелост, нашите наставници кои се посебно одбрани со професионално работно и наставно искуство во областа во која ќе Ви предаваат, координаторите за практична настава кои ќе Ве воведат во деловниот свет преку практикување на научените лекции во БАС и Вашето искуство и ќе Ви овозможат соработка и споделување на искуство со посебно одбрани ментори практична настава. Голема поддршка ќе добивате и од стручно административната служба на БАС која ќе се обиде да Ви даде одговор на сите административни прашања. Секако, тука се и нашите соработници, истакнатите стручњаци од практиката, визитинг професорите и други учесници во наставниот процес кои несебично ќе споделат со Вас нивното знаење и искуство.*

*На овој начин, Вие ќе можете да ги стекнете потребните компетенции и да прераснете во професионални бизнис менаџери. Паралелно со тоа, може да се надградите и за одредени позиции како што се претприемач, комерцијалист, деловен секретар, оперативен менаџер и посебни знаења од областа на е-бизнис.*

*Наставната средина ја креираме преку интегрирање на заедничките искуства и предзнаења со теоријата и практиката која ќе ви биде понудена тука. Наставата ќе ја спроведуваме преку посебен стил на настава кој ќе Ви овозможи, преку реални студии на случај и работа во мали групи со голема интеракција, да добиете корисни знаења и да ги стекнете потребните компетенции.*

*Моја цел, како директор на БАС, е да ја продолжам мисијата на БАС во насока на нејзино исполнување, а тоа опфаќа создавање на услови и можности за развој на Вашите потенцијали и афинитети. Се надеваме дека и Вие ќе ни ја подарите Вашата посветеност и љубопитност за да можеме успехот да го постигнеме заеднички.*

*Од мое лично име и од име на целиот наставнички и административен тим на БАС, Ви посакуваме успешен почеток.*

*Со почит,*

***Проф. д-р Даниела Карадаков***
***Директор***

# ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА БАС

# Основни информации за БАС Високата школа

БАС е приватна непрофитна високообразовна установа самостојна висока стручна школа која е основана во 2007 година од страна на основачите: проф. д-р Цветко Смилевски, виш пред. м-р Горазд Смилевски и Цена Смилевска. БАС започна со работа во студиската 2008/2009 година со реализирање на студиската програма по Оперативен менаџмент на прв циклус на студии. Во 2009 година, започнува со реализација и на едногодишна и двегодишна програма по Стратегиски менаџмент на втор циклус на студии.

БАС е првата висока стручна школа и воопшто првата високообразовна установа во Р. С. Македонија која нуди професионални студии, конкретно од областа на бизнис и стратегискиот менаџмент.

Наставата во БАС се изведува во мали групи што овозможува развој и одржување на групната динамика во текот на наставата и се остава можност за директен пристап до секој студент, според неговите преференци на учење. Уникатна карактеристика на начинот на студирање на БАС е индивидуалното синергирање – тоа е индивидуална настава скроена според потребите на конкретниот кандидат. Овој вид на студирање е развиен со цел да се излезе во пресрет на потребите на кандидатите кои веќе водат свои бизниси, а посетувањето на редовните студии им претставува потешкотија.

Практичната настава во БАС се одвива во текот на студиите и феријално во текот на летото. БАС има воспоставено соработка со партнерски организации каде студентите ја реализираат праксата.

Администрацијата во БАС е потполно електронска. Студентите имаат индекс и електронски индекс каде може да ги следат резултатите од своите активности. Наставните материјали и другите материјали потребни за учење се наоѓаат на образовниот портал и им се целосно бесплатно достапни на студентите. Електронското учење овозможува и вонредно студирање, учење на далечина и трансфер на кредити од други високообразовни установи.

Наставниот кадар на БАС го сочинуваат наставници избрани по пат на темелна хабилитациона практична проверка на нивните педагошки и обучувачки квалитети. Наставата е збогатена и со практичното искуство што истакнатите стручњаци од практиката го споделуваат со студентите, како и учество на гости предавачи од други високообразовни установи од земјава и од странство.

Она на кое што сме посебно горди е големиот процент на вработливост на нашите дипломанти и големиот напредок што го покажаа редовните и вонредните студенти во организациите каде што се вработија или каде што работат.

# Мисија на БАС

Секој наш студент е своја приказна и свој пат. Посветени сме да ги откриеме вистинскиот потенцијал и афинитети на секој од нив, не обидувајќи се да подгреваме лажни надежи за нереална иднина. Нашата менторска поддршка има единствена цел да ги извади на површина и засили оние интереси и способности на нашите студенти кои ќе ги водат кон за нив најдобрата иднина.

Веруваме дека сите вложувања се враќаат. Дека секого го бидува за нешто и дека секој може да го најде своето место во животот.

Она што нас нè сплотува е непосредниот пријателски однос и взаемната доверба и почит. Веруваме дека тие се јадрото на успехот на сите современи организации. Нив безусловно ги вгнездуваме во етиката на нашите студенти. Веруваме дека различностите се предност и дека нивното здружување повеќекратно го зголемува успехот.

Веруваме дека проблемите се двигател на развојот и дека секој проблем е решлив. Ги охрабруваме грешките бидејќи тие нè носат до вистинска умешност.
Постојано ги усовршуваме нашите програми и начини на студирање и внимателно ги приспособуваме на реалноста во земјата. Нудиме применливи вештини и овозможуваме услови за практична работа во вистинскиот деловен свет за секој наш студент.

Веруваме дека умешноста најлесно се стекнува во безбедна и пријатна средина. Затоа и игрите се неизоставен дел од нашето заедничко патување кон професионалната умешност.

# Нашите етички вредности

## Доверба и почит

Сите сме ние различни и посебни.
Почитувај ги разликите и гради трајни врски. Тие нѐ обединуваат.
Довербата раѓа доверба, а искреноста е основа за взаемните доверба и почит.

## Интегритет и достоинство

Биди свесен за своите вредности. Почитувај се!
Ти си центарот на својот свет – најважната алка во заедницата.
Држи до себе!

## Слобода на израз

Ослободи ја својата мисла. Таа е твоето најмоќно оружје.
Искажи се гласно, но не заборавај истото да им го дозволиш на другите.

## Посветеност

Твојот избор е само твој. За него, најодговорен си пред себе.
Лесно е да се откажеш кога ти е тешко. Надмини се себе си и истрај до крај.
Посвети се потполно на сѐ со што ќе се зафатиш.

## Недискриминација

Предрасудите се кафезот на твојот ум. Затоа развиј свесност за своите...
...и никогаш немој да заборавиш дека сите ги имаме истите права!

## Приватност

Твојот интимен свет е твоето царство. Само ти можеш да отвориш порти.
Никој нема право да влезе непоканет или да те условува за прием.
Чувај ја својата приватност и беспоштедно брани ја од натрапници.

## Чесност

За секој предизвик во животот постојат два начини да успееш: добар и лесен.
Лесниот не е добар, а добриот не е лесен.
Не губи го тоа што толку макотрпно го градиш за една скришна нечесност
која може да те врати назад на почеток.

# Секој **СТУДЕНТ** е своја приказна и свој пат, но секој студент има и свои **ОБВРСКИ** кон БАС

## НАВРЕМЕНОСТ!

Наставата започнува во **точно** определено време (според распоредот за настава). Дозволено е 15 минути доцнење, по истекот на овие 15 минути, студентот не добива бодови за присуство на средбата.

## ПРИСУСТВО!

**Задолжително е присуството** на најмалку **50%** од часовите по предметот. Неисполнувањето на овој услов резултира со презапишување на предметот.

## ПРОЕКТЕН ИЗВЕШТАЈ!

Проектниот извештај е **задолжителен** за сите задолжителни и изборни **стручни** предмети. **Краен рок** за поднесување на **проектниот извештај** е една недела пред одржувањето на вториот колоквиум по предметот. Доколку ненајавено студентот **доцни** со изработката на проектниот извештај важат **пенали**.

## ИСПИТИ!

Студентот има право **3 пати** да го **полага испитот** по предметот. Доколку не успее да го положи испитот, во тој случај го презапишува предметот во наредниот циклус.

## СТАТУС на СТУДЕНТ!

Студентот се стекнува со **статус на студент** во наредната студиска година доколку во претходната студиска година стекнал **најмалку 40 ЕКТС**.

## ПЛАГИЈАТ!

**Академската нечесност** на студентите подложи на санкции!

## ПРАКТИЧНА НАСТАВА!

Практичната настава е
**е задолжителна** за **секој студент**!

# БИЗНИС МЕНАЏМЕНТ

Прв циклус на студии

# Студиска програма по бизнис менаџмент

## Концепција на студиската програма

Студиската програма по **Бизнис менаџмент** обезбедува стручна основа за разбирање и развивање на истражувачкиот и аналитичкиот пристап на студентите кон учењето и практиката. Преку оваа студиска програма студентите ќе се стекнете со **стручни компетенции** од областа на бизнис менаџментот кои ќе може да ги **примените во практиката**. Исто така, преку оваа студиска програма, ќе Ви се овозможи запознавање на современите тенденции на менаџментот, ќе Ви се овозможи да ги **развиете вештините** за истражување и анализа на реалното опкружување, ќе се **стекнете со способности** за подобрување на конкурентноста на организациите, а исто така ќе **развиете и професионален менаџерски однос** кон своите вработени и повисокиот менаџмент.

Во склоп на реализирање на оваа студиска програма, втемелено е и 10 годишното успешно искуство кое го има стекнато БАС при реализирање на студиската програма по Оперативен менаџмент, каде поголем дел од содржините се испреплетуваат во оваа програма по Бизнис менаџмент.

Во рамките на реализирање на студиската програма по Бизнис менаџмент, особено ќе се цени и вреднува Вашето индивидуално менаџерско искуство. Искуственото учење ќе биде еден од начините на пренесување на знаења и искуства со цел да се дојде до конкретно знаење и развивање на вештини преку учење од туѓите грешки. Целта на системот за дидактизирано искуствено учење е учењето да се темели на претходно стекната основна теорија која се темели на решавање на некој проблем, а потоа ставање на студентите во ситуација самостојно, во пар, група или тимски да решат одреден проблем, односно да подобрат одредена ситуација.

Ваквиот модел на развивање на менаџерски компетенции ќе се реализира преку веќе 10 (десет) години втемелена Дидактика за ефективна академска настава која ја има развиено БАС за своите потреби. Посебен акцент е ставен на стилот на настава кој овозможува интегрирање на предавањата со вежбите и создавање на една целина каде се стекнуваат и теоретски и практични знаења, а воедно се развиваат вештини и способности, стил кој им овозможува на студентите веднаш да се соочат со проблемите во реалноста и да пронајдат ефективно решение.

Посебноста се состои во тоа што една наставна средба по наставен предмет има своја структура која ги **интегрира теоретската и практичната компонента**. Наставната средба започнува со **илустративна студија на случај (ИСС)**. Преку оваа ИСС, Вие преку практичен пример и случај од македонската или светската бизнис сцена се запознавате со темата која ќе биде предмет на разгледување. ИСС му овозможува на наставникот да ги идентификува Вашите предзнаења во однос на темата и да го прилагоди понатамошниот тек на наставата во однос на Вашите предзнаења. Понатаму следи академскиот инпут на наставникот кој врз основа на ИСС Ве воведува во теоретските аспекти за конкретниот проблем кој се проучува, односно за конкретната тема. **Академскиот инпут на наставникот** се одвива во постојана интеракција со Вас. Откако ќе ја добиете

теоретската основа, потоа Ви се задава **проблемска студија на случај (ПСС)** преку која индивидуално, во пар, во групи/тим или сите заедно решавате одреден проблем практикувајќи го знаењето стекнато од академскиот инпут на наставникот. Откако ќе се идентификуваат можните решенија, развивате дискусија по решенијата согледувајќи ги сите можни алтернативи и проценувајќи кое решение би било реално и прифатливо во практика. На крај на средбата се прави синтеза, со тоа што се спојуваат сите делови во една целина и се донесуваат заклучоци.

Во рамките на наставата по наставните предмети, наставникот интегрира сегменти и од практичната настава со цел да направи поврзување на теоријата со реалната практика, односно поврзување на научените лекции по наставните предмети со искуството на студентите стекнато за време на практичната настава. Се очекува, на секоја наставна средба, во рамките на илустративната или проблемската студија на случај студентите да рефлектираат свои искуства од практичната настава.

Ваквиот стил на настава е фокусиран на Вас - студентот, на стекнување на знаења и развивање на Вашите компетенции. Овој наставен инпут, надополнет со практичните знаења и сознанија стекнати од различните форми на практика дополнително го остручуваат и ги јакнат Вашите менаџерските компетенции.

Студиската програма на прв циклус на студии на БАС по Бизнис менаџмент е со времетраење од 3 (три) години распоредени во 6 (шест) семестри. Студиската програма се вреднува со 180 ЕКТС кредити. Секоја година од студиската програма содржи 60 ЕКТС кредити.

Студиската програма е составена од 25 наставни предмети. Секој предмет од студиската програма се вреднува со одреден број на ЕКТС кредити. Студиската програма содржи задолжителни и изборни предмети. Задолжителните наставни предмети од студиската програма се од соодветната област. Изборните наставни предмети студентите ги избираат од листата на изборни наставни предмети на студиската програма или од понудените изборни модули. Согласно член 139 став 6 од Законот за високото образование (Службен весник на Р. Македонија бр 82/18) изборните наставни предмети сочинуваат најмалку 10%, а најмногу 30% од бројот на ЕКТС кредитите во студиската програма. Во студиската програма по Бизнис менаџмент на прв циклус на студии на БАС изборните предмети сочинуваат 27.22% од бројот на ЕКТС кредитите во студиската програма.

Со завршување на секој семестар се стекнуваат вкупно 30 ЕКТС кредити, што значи дека се постигнува подеднаква оптовареност во рамките на секој семестар и секоја студиска година. Со завршувањето на секоја студиска година се стекнуваат вкупно 60 ЕКТС кредити. Со завршување на целата студиска програма се стекнуваат вкупно 180 ЕКТС кредити.

## Содржина и структура на студискатата програма по Бизнис менаџмент

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ПРВА ГОДИНА** | | | | |
| **Прв семестар** | | | | |
| **Реден број** | **Код на предметот** | **Назив на наставниот предмет** | **Број на ЕКТС кредити** | **Часови** |
| **Задолжителни предмети** | | | | |
| 1. | БАС-11ВВБ | Вовед во бизнис | 7 | 2+2+2 |
| 2. | БАС-11ОНМ | Основи на менаџмент | 7 | 2+2+2 |
| 3. | БАС-11ЛИМ | Личен менаџмент | 7 | 2+2+2 |
| 4. | БАС-11АНГ | Англиски јазик | 4 | 1+2+0 |
| 5. | БАС-11КОМ | Компјутерска писменост | 4 | 1+2+0 |
| **Практична настава** | | | | |
| БАС-ПН1 | | Практична настава | 1 | |
| **ВКУПНО ЕКТС** | | | 30 | |
| | | | | |
| **Втор семестар** | | | | |
| **Реден број** | **Код на предметот** | **Назив на наставниот предмет** | **Број на ЕКТС кредити** | **Часови** |
| **Задолжителни предмети** | | | | |
| 1. | БАС-11НАМ | Надзорнички менаџмент | 8 | 3+2+2 |
| 2. | БАС-11ОРК | Организациско комуницирање | 7 | 2+2+2 |
| 3. | БАС-11МАР | Маркетинг | 7 | 2+2+2 |
| **Изборни предмети** | | | | |
| 4. | БАС-12__ | Изборен предмет | 7 | 2+2+1 |
| **Практична настава** | | | | |
| БАС-ПН2 | | Практична настава | 1 | |
| **ВКУПНО ЕКТС** | | | 30 | |

| **ВТОРА ГОДИНА** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Трет семестар** | | | | |
| **Реден број** | **Код на предметот** | **Назив на наставниот предмет** | **Број на ЕКТС кредити** | **Часови** |
| **Задолжителни предмети** | | | | |
| 1. | БАС-11ООМ | Основи на оперативен менаџмент | 8 | 3+2+2 |
| 2. | БАС-11МЧР | Менаџмент на човечки ресурси | 7 | 2+2+2 |
| 3. | БАС-11МЗБ | Математика за бизнис | 7 | 2+2+2 |
| **Изборни предмети** | | | | |
| 4. | БАС-12__ | Изборен предмет | 7 | 2+2+1 |
| **Практична настава** | | | | |
| БАС-ПН3 | | Практична настава | 1 | |
| **ВКУПНО ЕКТС** | | | 30 | |
| | | | | |
| **Четврти семестар** | | | | |
| **Реден број** | **Код на предметот** | **Назив на наставниот предмет** | **Број на ЕКТС кредити** | **Часови** |
| **Задолжителни предмети** | | | | |
| 1. | БАС-11ОСМ | Основи на стратегиски менаџмент | 8 | 3+2+2 |
| 2. | БАС-11ИДВ | Интерперсонални деловни вештини | 7 | 2+2+2 |
| 3. | БАС-11МЕЕ | Менаџерска економија | 7 | 2+2+2 |
| **Изборни предмети** | | | | |
| 4. | БАС-12__ | Изборен предмет | 7 | 2+2+1 |
| **Практична настава** | | | | |
| БАС-ПН4 | | Практична настава | 1 | |
| **ВКУПНО ЕКТС** | | | 30 | |

| ТРЕТА ГОДИНА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Петти семестар** | | | | |
| **Реден број** | **Код на предметот** | **Назив на наставниот предмет** | **Број на ЕКТС кредити** | **Часови** |
| **Задолжителни предмети** | | | | |
| 1. | БАС-11ООО | Основи на организациско однесување | 8 | 3+2+2 |
| 2. | БАС-11ОРП | Организациски промени | 7 | 2+2+2 |
| 3. | БАС-11ФИМ | Финансиски менаџмент | 7 | 2+2+2 |
| **Изборни предмети** | | | | |
| 4. | БАС-12__ | Изборен предмет | 7 | 2+2+1 |
| **Практична настава** | | | | |
| БАС-ПН5 | | Практична настава | 1 | |
| **ВКУПНО ЕКТС** | | | 30 | |
| | | | | |
| **Шести семестар** | | | | |
| **Реден број** | **Код на предметот** | **Назив на наставниот предмет** | **Број на ЕКТС кредити** | **Часови** |
| **Задолжителни предмети** | | | | |
| 1. | БАС-11ППМ | Практикум по менаџмент | 8 | 1+2+3 |
| **Изборни предмети** | | | | |
| 2. | БАС-12__ | Изборен предмет | 7 | 2+2+1 |
| 3. | БАС-12__ | Изборен предмет | 7 | 2+2+1 |
| 4. | БАС-12__ | Изборен предмет | 7 | 2+2+1 |
| **Практична настава** | | | | |
| БАС-ПН6 | | Практична настава | 1 | |
| **ВКУПНО ЕКТС** | | | 30 | |

**Изборни предмети:**

Имате можност изборните предмети (7) да ги изберете од листата на изборни предмети или да избере модул на изборни предмети составен од вкупно (5) изборни предмети поврзани по сродност во содржината и (2) изборни предмети од листата на изборни предмети.

| **Листа на изборни предмети** | | |
|---|---|---|
| **Код на предметот** | **Назив на наставниот предмет** | **Број на ЕКТС кредити** |
| БАС-12СНБ | Стартирање на нов бизнис | 7 |
| БАС-12ПРЕ | Претприемаштво | 7 |
| БАС-12ИИП | Иновации и интра-претприемаштво | 7 |
| БАС-12МВН | Менаџирање со верига на набавки | 7 |
| БАС-12МЕП | Менаџерска етика и протокол | 7 |
| БАС-12ОММ | Основи на маркетинг менаџмент | 7 |
| БАС-12ОПМ | Основи на проектен менаџмент | 7 |
| БАС-12МГО | Менаџмент на граѓански организации | 7 |
| БАС-12МЈС | Менаџмент на јавен сектор | 7 |
| БАС-12МКВ | Менаџмент на квалитет | 7 |
| БАС-12МЕС | Менаџерско сметководство | 7 |
| БАС-12КАМ | Канцелариски менаџмент | 7 |
| БАС-12ОНН | Организирање на настани | 7 |
| БАС-12ГОК | Грижа и однесување со корисници | 7 |
| БАС-12ДПР | Деловно преговарање | 7 |
| БАС-12ДПЛ | Деловно планирање | 7 |
| БАС-12ОСЈ | Односи со јавност | 7 |
| БАС-12БИС | Бизнис симулации | 7 |
| БАС-12ПРМ | Продажбен менаџмент | 7 |
| БАС-12ОЕБ | Основи на е-бизнис | 7 |
| БАС-12ОЕО | Основи на е-општество | 7 |
| БАС-12НКВ | Напредни компјутерски вештини | 7 |

| Модули на изборни предмети | | |
|---|---|---|
| **Изборен модул: Претприемаштво** | | |
| **Код на предметот** | **Назив на наставниот предмет** | **Број на ЕКТС кредити** |
| БАС-12ПРЕ | Претприемаштво | 7 |
| БАС-12ИИП | Иновации и интра-претприемаштво | 7 |
| БАС-12СНБ | Стартирање на нов бизнис | 7 |
| БАС-12ДПЛ | Деловно планирање | 7 |
| БАС-12ОПМ | Основи на проектен менаџмент | 7 |
| **Изборен модул: Канцелариски менаџмент (Office management)** | | |
| **Код на предметот** | **Назив на наставниот предмет** | **Број на ЕКТС кредити** |
| БАС-12КАМ | Канцелариски менаџмент | 7 |
| БАС-12ОНН | Организирање на настани | 7 |
| БАС-12МЕП | Менаџерска етика и протокол | 7 |
| БАС-12ОСЈ | Односи со јавност | 7 |
| БАС-12МЕС | Менаџерско сметководство | 7 |
| **Изборен модул: Оперативен менаџмент** | | |
| **Код на предметот** | **Назив на наставниот предмет** | **Број на ЕКТС кредити** |
| БАС-12МВН | Менаџирање со верига на набавки | 7 |
| БАС-12МКВ | Менаџмент на квалитет | 7 |
| БАС-12ОПМ | Основи на проектен менаџмент | 7 |
| БАС-12ДПЛ | Деловно планирање | 7 |
| БАС-12ИИП | Иновации и интра-претприемаштво | 7 |
| **Изборен модул: Е-бизнис** | | |
| **Код на предметот** | **Назив на наставниот предмет** | **Број на ЕКТС кредити** |
| БАС-12ОЕБ | Основи на е-бизнис | 7 |
| БАС-12ОЕО | Основи на е-општество | 7 |
| БАС-12НКВ | Напредни компјутерски вештини | 7 |
| БАС-12СНБ | Стартирање на нов бизнис | 7 |
| БАС-12ОПМ | Основи на проектен менаџмент | 7 |
| **Изборен модул: Продажбен менаџмент** | | |
| **Код на предметот** | **Назив на наставниот предмет** | **Број на ЕКТС кредити** |
| БАС-12ПРМ | Продажбен менаџмент | 7 |
| БАС-12ГОК | Грижа и однесување со корисници | 7 |
| БАС-12МВН | Менаџирање со верига на набавки | 7 |
| БАС-12ОММ | Основи на маркетинг менаџмент | 7 |
| БАС-12ДПР | Деловно преговарање | 7 |

Наставничкиот совет на БАС утврдува кои предмети од листата на изборни предмети ќе ги понуди за избор во рамките на летниот и зимскиот семестар во студиската година, а согласно Правилникот за условите, критериумите, постапката и правилата за запишување и студирање на прв циклус на студии на БАС.

Како изборни наставни предмети може да изберете и од листата на изборни предмети предвидени со другите акредитирани студиски програми на прв циклус на студии на БАС. Наставничкиот совет утврдува кои предмети од другите студиски програми на прв циклус на студии на БАС ќе ги даде на предлог за избор на студентите од прв циклус на студии на БАС.

## Практична настава на БАС

Практичната настава за студиската програма по Бизнис менаџмент на прв циклус на студии на БАС се реализира континуирано во текот на секој семестар во секоја студиска година и е задолжителна **за редовните студенти** на БАС. Целта на практичната настава е да се направи суштинско поврзување помеѓу теоријата и практиката што е целта на професионалните студии по Бизнис менаџмент на прв циклус на студии на БАС. Со успешно завршување на практичната настава во секој семестар, се стекнувате со 1 ЕКТС кредит, а со успешно завршување на севкупната практична настава, предвидена со студиската програма, се стекнувате со вкупно 6 ЕКТС кредити.

Практичната настава се реализира преку различни програми за практична настава: бизнис лабораторија, теренска студентска практика и феријална студентска практика.

Бизнис лабораторијата е посебна програма за практична настава која се реализира во првата студиска година за редовните студенти на прв циклус на студии на БАС. Оваа програма се базира на методологијата на искуствено учење каде студентите ги практикуваат концептите кои ги обработувале во рамките на наставата. При искуственото учење се користат техниките на: играње на улоги, симулации, дебати и сл. Оваа програма опфаќа основни деловни концепти предадени преку кооперативно – конкурентски бизнис игри и работа на студентите во виртуелни организации. Оваа програма, покрај тоа што овозможува поврзување на теоријата со практиката, помага и во подготовка на студентите за реализирање на понатамошната практична настава во организациите каде што ќе ја реализираат истата.

Програмата Теренска студентска практика се состои од повеќе форми на реализирање. Оваа програма се реализира преку групни посети на студентите во партнерските организации на БАС за реализирање на практична настава, учество на истакнати стручњаци од практиката во практичната настава, менторирање од страна на БАС ментори во рамките на партнерските организации, индивидуални или посети на студенти во мали групи на партнерски организации каде на студентите им се задаваат работни задачи кои треба да ги извршуваат и сл. Оваа програма за практична настава е присутна во сите семестри од студиската програма и е опфатена со активно учество на студентите во практичната настава со еден ден во работната недела.

Програмата Феријална студентска практика опфаќа практична настава на студентите во партнерска организација со континуирано времетраење од најмалку 15 работни дена за време на летниот распуст на студентите помеѓу прва и втора, како и помеѓу втора и трета година.

Програмите за практична настава, начинот на реализирање, координирање и менторирање на практичната настава се утврдени во Правилникот за практична настава на БАС.

Практичната настава на БАС е конципирана со цел да се исполнат законските одредби предвидени во Правилникот за начинот и условите за организирање на практична настава за студентите (Службен весник на Р. Македонија бр. 120/10).

Практичната настава **за вонредните студенти** се изведува во форма на искуствено учење кое се случува за време на наставата предвидена за вонредните студенти. Во рамките на наставата

студентите го споделуваат и учат од своето и искуството на другите студенти преку споделување и практикување на истото во рамките на вежбите предвидени во наставата, како и во рамките на своето работење во реалноста. Применетите стекнати знаења во практика, претставуваат научени лекции кои се споделуваат за време на наставата организирана за вонредните студенти. Вонредните студенти имаат задача своите практични сознанија да ги приложат во збирка задачи која содржи практични задачи кои вонредните студенти треба да ги решат зададени за секој семестар одделно. Врз основа на оваа форма на учење, вонредните студенти ги стекнуваат потребните ЕКТС кредити наменети за практична настава.

Практичната настава во БАС ја планираат, организираат и координираат координаторите за практична настава на БАС.

**Координатори за практична настава:**

**МБА Ненад Дафинчевски – за Скопје**
Телефон за контакт: 078/494-505

E-mail за контакт: nenad.dafincevski@gmail.com

**МБА Ана Христовски – за Битола**
Телефон за контакт: 078/316-273
E-mail за контакт: ana-hristovski@hotmail.com

**Партнерски организации на БАС за реализирање на практична настава на БАС за редовните студенти**

Практичната настава се реализира во реални организации согласно програмите за теренска студентска практика на БАС и Правилникот за практична настава. Организациите во кои се реализира теренската студентска практика се партнерски организации на БАС. Партнерски организации во кои ќе се реализираат програмите за практична настава се:

1) Сигма СБ, Скопје
2) Кодинг дистрибуција (Горска), Скопје
3) Еуроимпекс, Скопје
4) Кајгана медиа, Скопје
5) Колекта НП, Скопје
6) АМСМ , Скопје
7) НЛБ Тутунска банка, Скопје
8) Вабтек МЗТ, Скопје
9) Макомаркет, Скопје
10) Хотел Порта, Скопје
11) Македонија-експорт консалтинг, Скопје
12) Раде Кончар-ТЕП, Скопје
13) Аурора турс, Скопје
14) СМЕЛТинг, Велес
15) Охридска банка АД Скопје
16) Пивара Скопје
17) РЗ Инфомедиа, Скопје
18) Јоопоне, Велес
19) Сара Фешн, Скопје
20) Солвео, Скопје
21) Спортлајф обложувалници, Скопје
22) Регионална Стопанска Комора ,Битола
23) Синпекс, Битола
24) Агроплод,Ресен
25) Авто Комплекс Пржо, Битола
26) АД Фустеларко Борец,Битола
27) Тера Телевизија,Битола
28) Консалтинг Дани, Битола
29) Settim consulting, Битола
30) Стопанска Банка , Битола
31) Ники 71, Битола
32) Дени мебел, Прилеп
33) Sette Clipping, Битола

# Предметни програми

Студиска програма – Бизнис менаџмент

## Предметни програми од студиската програма по Бизнис менаџмент на прв циклус на студии на БАС

Содржината на предметните програми на задолжителните и изборните предмети од студиската програма по Бизнис менаџмент на прв циклус на студии на БАС може да ги најдете на следниот линк: http://bas.edu.mk/dl/BM-PredmetniProgrami.pdf

# Правила за студирање на БАС

## Правила за студирање на БАС

Студирањето на БАС е регулирано со Законот за високото образование, подзаконските акти, Статутот на БАС и општите акти на БАС.

Во текот на Вашето студирање важат правилата кои се пропишани во следниве правилници, а кои може да се најдат на интернет страницата на БАС:

- Статут на БАС - http://bas.edu.mk/dl/vaznidokumenti/BASStatut.pdf
